**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 февруари 2025 година

## Соопштение за печатот

## Монетарни движења во Република Северна Македонија: јануари 2025 година

– Во јануари 2025 година, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** е намалена за 1,6% на месечна основа, пред сè како резултат на падот на депозитните пари, при негативен придонес и на краткорочните депозити и на готовите пари во оптек. На годишно ниво, паричната маса бележи зголемување за 9,1%, поради растот на депозитните пари, долгорочните депозити до две години, готовите пари во оптек и краткорочните депозити.

– Во јануари, **вкупните депозити[3]** бележат месечен пад од 1,3%, во целост како резултат на намалените депозити на корпоративниот сектор, додека депозитите на секторот „домаќинства" се зголемуваат. Споредено на годишно ниво, вкупните депозити остварија раст од 11,0%, којшто во поголем дел се должи на зголемените депозити на секторот „домаќинства", при позитивен придонес и на депозитите на корпоративниот сектор.

Табела 1. Парична маса и вкупни депозити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 |
| **Парична маса М4** | **591,336** | **607,881** | **616,771** | **663,295** | **654,804** | **9.5** | **7.6** | **8.6** | **11.4** | **10.4** | **-0.7** | **0.5** | **-0.7** | **5.1** | **-1.3** |
| **Парична маса М3** | **521,804** | **535,985** | **540,047** | **583,268** | **573,827** | **6.6** | **5.4** | **6.7** | **10.2** | **9.1** | **-0.9** | **0.4** | **-1.2** | **5.6** | **-1.6** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Готови пари во оптек* | 49,336 | 51,377 | 52,062 | 56,226 | 55,214 | 8.6 | 7.6 | 9.9 | 12.4 | 14.9 | 1.5 | 2.2 | -1.9 | 7.2 | -1.8 |
| *Депозитни пари* | 202,074 | 211,126 | 212,711 | 236,065 | 228,940 | 11.4 | 8.8 | 11.3 | 11.7 | 10.7 | -1.9 | 0.3 | -0.9 | 8.3 | -3.0 |
| *Краткорочни депозити* | 215,551 | 215,501 | 212,930 | 223,172 | 221,667 | 1.0 | 0.1 | -2.0 | 3.4 | 1.7 | -1.1 | 0.2 | -2.3 | 4.0 | -0.7 |
| *Долгорочни депозити до 2 год* | 54,842 | 57,981 | 62,345 | 67,805 | 68,006 | 10.8 | 12.7 | 23.9 | 30.4 | 27.9 | 1.4 | 0.0 | 3.0 | 0.8 | 0.3 |
| **Вкупни депозити** | **531,140** | **544,683** | **555,602** | **600,389** | **592,750** | **9.3** | **7.2** | **8.8** | **12.4** | **11.0** | **-0.9** | **0.4** | **-0.4** | **5.3** | **-1.3** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 150,674 | 153,830 | 158,056 | 176,284 | 167,507 | 12.2 | 4.7 | 4.7 | 9.2 | 5.7 | -2.4 | 1.0 | -0.5 | 8.7 | -5.0 |
| *Во денари* | 100,009 | 103,684 | 107,476 | 119,191 | 114,012 | 12.5 | 5.6 | 7.9 | 9.1 | 6.2 | -3.6 | 1.7 | 0.6 | 6.4 | -4.3 |
| *Во странска валута* | 50,664 | 50,146 | 50,580 | 57,093 | 53,495 | 11.4 | 2.8 | -1.5 | 9.4 | 4.6 | 0.1 | -0.4 | -2.8 | 13.8 | -6.3 |
| Домаќинства | 354,741 | 364,432 | 372,219 | 396,901 | 397,793 | 8.7 | 8.9 | 11.2 | 13.8 | 14.2 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 3.9 | 0.2 |
| *Во денари* | 177,631 | 184,627 | 190,026 | 212,507 | 212,574 | 13.7 | 13.1 | 18.0 | 22.5 | 24.2 | 0.6 | -0.6 | -0.3 | 7.4 | 0.0 |
| *Во странска валута* | 177,109 | 179,805 | 182,194 | 184,394 | 185,220 | 4.0 | 4.8 | 4.9 | 5.2 | 4.5 | -0.3 | 0.5 | 0.6 | 0.2 | 0.4 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и натаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4, коишто им припаѓаат на корпоративниот сектор, домаќинствата, останатите финансиски институции, непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

– **Вкупните кредити**, во јануари, се намалени за 0,1% на месечна основа, како резултат на падот на кредитирањето на корпоративниот сектор, при раст на кредитите на „домаќинствата". На годишна основа е забележан раст од 11,3%, којшто се должи на зголеменото кредитирање кај двата сектора, со поголем придонес на корпоративниот сектор.

Табела 2. Вкупни кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | 1.2025 |
| **Вкупни кредити** | **449,251** | **462,435** | **469,266** | **494,449** | **494,098** | **6.1** | **6.4** | **7.5** | **11.2** | **11.3** | **0.3** | **0.8** | **0.4** | **2.7** | **-0.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 214,268 | 221,765 | 223,900 | 242,338 | 241,446 | 5.4 | 5.8 | 7.5 | 13.9 | 14.2 | 0.0 | 0.6 | -0.1 | 4.4 | -0.4 |
| *Во денари* | 134,280 | 144,110 | 149,795 | 166,560 | 165,184 | 11.9 | 16.2 | 19.7 | 27.1 | 27.2 | 1.0 | 2.6 | 0.9 | 5.2 | -0.8 |
| *Во странска валута* | 79,988 | 77,656 | 74,104 | 75,777 | 76,262 | -3.9 | -9.3 | -10.9 | -7.2 | -6.4 | -1.7 | -2.8 | -2.1 | 2.7 | 0.6 |
| Домаќинства | 232,313 | 238,057 | 242,919 | 249,532 | 250,139 | 6.8 | 7.1 | 7.7 | 8.8 | 8.8 | 0.5 | 1.0 | 0.8 | 1.1 | 0.2 |
| *Во денари* | 126,809 | 130,453 | 133,210 | 136,079 | 136,638 | 5.8 | 7.2 | 7.6 | 8.7 | 8.8 | 0.3 | 1.2 | 0.8 | 0.6 | 0.4 |
| *Во странска валута* | 105,504 | 107,603 | 109,709 | 113,454 | 113,501 | 8.1 | 7.0 | 7.8 | 8.9 | 8.7 | 0.6 | 0.7 | 0.8 | 1.7 | 0.0 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

– Во јануари, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** бележат пад од 5,0% на месечна основа. Надолната промена произлегува од падот на депозитните пари, како и од падот на краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, во услови на раст на долгорочните и на краткорочните депозити во денари. На годишна основа, остварен е раст од 5,7%, којшто се должи на растот на депозитите на сите компоненти, со поголем придонес на краткорочните и на долгорочните депозити во денари, при раст и на краткорочните и на долгорочните депозити во странска валута и на депозитните пари.

– Овој месец, кај **кредитите на корпоративниот сектор**[5] е забележано намалување од 0,4% на месечно ниво, како резултат на падот на кредитите во денари, додека кредитите во странска валута бележат раст. Кредитите на корпоративниот сектор се зголемени за 14,2% на годишно ниво, во целост поради зголеменото кредитирање во денари.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[6]




Извор: НБРСМ.

---

[5] Почнувајќи од јуни 2018 година, а во согласност со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.

[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и на самостојните вршители на дејност.

- Во јануари, **вкупните депозити на домаќинствата**, бележат месечно зголемување за 0,2%. Притоа, промената се должи на растот на долгорочните и на краткорочните депозити во денари и во странска валута, во услови на пад на депозитните пари. Годишниот раст изнесува 14,2% и произлегува од повисоките депозитни пари и долгорочните депозити во денари и во странска валута, при пад на краткорочните депозити во странска валута и во денари.

- **Кредитите на домаќинствата** бележат месечен и годишен раст за 0,2% и 8,8%, соодветно, во поголем дел поради зголеменото кредитирање во денари, при раст и на кредитите во странска валута.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 3. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 | 3.2024 | 6.2024 | 9.2024 | 12.2024 | I.25 |
| Потрошувачки кредити | 119,858 | 122,857 | 125,233 | 128,863 | 128,466 | 5.8 | 5.8 | 6.7 | 7.5 | 8.4 | 0.4 | 0.8 | 0.6 | 1.3 | -0.3 |
| Станбени кредити | 85,555 | 87,920 | 90,191 | 94,398 | 94,853 | 10.4 | 10.2 | 11.0 | 12.5 | 12.7 | 1.0 | 0.9 | 1.0 | 2.3 | 0.5 |
| Автомобилски кредити | 399 | 419 | 430 | 418 | 420 | 13.1 | 14.6 | 13.5 | 4.7 | 5.1 | 1.8 | 2.1 | -0.6 | -2.9 | 0.7 |
| Кредитни картички | 9,459 | 9,332 | 9,184 | 8,934 | 8,833 | -6.8 | -8.0 | -9.0 | -9.2 | -9.0 | -0.8 | -0.3 | -0.8 | -1.9 | -1.1 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,820 | 6,846 | 6,857 | 5,738 | 6,390 | 6.1 | 7.9 | -1.9 | -4.4 | -4.6 | 2.3 | 5.7 | 4.6 | -13.5 | 11.4 |
| Други кредити | 1,658 | 1,579 | 1,563 | 1,568 | 1,549 | -21.2 | -18.8 | -17.5 | -12.0 | -10.2 | -1.7 | -2.0 | 0.7 | 0.2 | -1.2 |

Извор: НБРСМ.

– Во јануари, гледано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај **потрошувачките кредити**, како најзастапена категорија, е остварен месечен пад од 0,3%, при годишен раст од 8,4%, додека **станбените кредити** се зголемени за 0,5% и 12,7% на месечно и на годишно ниво, соодветно. Овој месец, **автомобилските кредити** бележат месечен и годишен раст од 0,7% и 5,1%, соодветно. Во јануари, кај кредитите одобрени на **кредитни картички** е забележан пад од 1,1% и 9,0% на месечно и на годишно ниво, соодветно. Кај **негативните салда на тековните сметки**, овој месец е остварен месечен раст од 11,4%, при годишен пад од 4,6%, додека кредитите одобрени врз **други основи** се намалени за 1,2% и 10,2% на месечна и на годишна основа, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 март 2025 година (референтен пресек заклучно со февруари 2025 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02/3215-235 лок. 108/110.